Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) **Градоначалникот на Општина Гази Баба**, на ден 18.11. 2021 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 1542 КО Раштак, со намена А4.3 – викенд куќа**, **Општина Гази Баба, Скопје**, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Гази Баба **www.gazibaba.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 1542 КО Раштак, со намена А4.3 – викенд куќа**, **Општина Гази Баба, Скопје**, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 1542, КО Раштак со намена А4.3 – викенд куќа Општина - Гази Баба, ќе се дефинираат архитектонско-урбанистичките параметри за изградба на викенд куќа.

4.Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерство за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 28-3/4226/1
Од 18.11.2021 год.
Скопје

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бобан Стефковски

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 1542 КО Раштак, со намена А4.3 – викенд куќа, Општина Гази Баба, Скопје** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ДППИ ТАЈФА - ПЛАН ДОО Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Гази Баба |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Наташа Влчевска Савиќ диа |
| Назив на работното место | Управител на ДППИ ТАЈФА - ПЛАН ДОО Скопје |
| Контакт податоци за лицето | Ул.” Васил Главинов” бр. 3-2/8 1000 Скопје |

| Основни податоци за планскиот документ |
| --- |
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Закон за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20)<br>Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр. 11/18)<br>Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, бр. 225/20) |
| **Дали се донесува нов плански документ или се врши измени на постојниот** |
| ДА х<br>НЕ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да , просторно и урбанистичко планирање |
| **Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколу е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5).** |
| Да, Член 3, точка 13, алинеја / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| не |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |

| |
| --- |
| не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |

Целта на изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е да се дефинираат услови за изградба на објекти со намена А4.3 – викенд куќа, притоа водејќи сметка со предложеното урбанистичко решение да се предвидат хумани услови за уредување на просторот. Точната просторна диспозиција и организација на градбата е уредена со идејниот проект, кој е прилог на урбанистичкиот проект.
Проектниот концепт е изработен согласно со заверена Проектна програма, Решение за одобрување на Проектна програма бр. 28-3/2510/5 од 24.09.2021 година, податоците и информациите добиени при анализите на предметниот проектен опфат, дадени во Документационата основа, а условени од мерките за заштита на животната средина и природата, заштита на културното наследство и заштитата и спасувањето.

Според тоа предметниот **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 1542 КО Раштак, со намена А4.3 – викенд куќа, Општина Гази Баба, Скопје**, преставува плански документ за кој не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Просторно и урбанистичко планирање

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

5 (пет) години

Со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се дефинираат урбанистичките параметри за реализација на планираните градби на планираната градежна парцела, да ја дефинира основната класа на намена, како и начините на употреба на земјиштето, а согласно актуелната позитивна законска легислатива од областа на просторното и урбанистичкото планирање.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години?**

По истекот на пропишаниот плански период.

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е за дел од КП 1542, КО Раштак со намена А4.3 – викенд куќа Општина - Гази Баба. Површината на проектниот опфат зафаќа површина 708,86 $m^2$, односно 0,71 ha.

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

ДА Х
НЕ

**Дали е приложена копија од целите?**

ДА Х
НЕ

Резиме на влијанијата врз животната средина
(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

**Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**

Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 1542, КО Раштак со намена А4.3 – викенд куќа Општина Гази Баба, на предметната новоформирана градежна парцела утврден е просторот определен со градежна линија во која е дозволено поставување на површини за градење, односно дефинирањето на оваа урбанистичка одредба се регулира со предметниот урбанистички проект, а точната просторна диспозиција и организација на сите градби е уредена со овој Урбанистички проект и идејниот проект кој е прилог на урбанистичкиот проект. Намената е утврдена како:
А4.3 – викенд куќа
Се претпоставува дека нема да има негативни влијанија врз животната средина донесувањето на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 1542, КО Раштак со намена А4.3 – викенд куќа Општина Гази Баба-Скопје.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетрањето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Веројатноста е дека со усвојувањето на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 1542, КО Раштак со намена А4.3 – викенд куќа Општина Гази Баба-Скопје, нема негативни влијанија врз животната средина, како во фазата на градба,така и во фаза на експлоатација на планираните објекти.<br><br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисија на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата- директни и индиректни, емисии на бучава, отпад и влијание врз |

| | |
|---|---|
| | флората и фауната ), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.<br>Влијанијата кои ќе се јават во фаза на експлоатација на објектите се проценуваат како незначајни со долгорочен карактер. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | При изградба и експлоатација на предвидените содржини во рамките на проектниот опфат, постои ризик по здравјето на луѓето и животната средина од евентуално предизвикани пожари и хаварии и за истите се предвидуваат мерки за заштита. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Предметниот локалитет се наоѓа на територијата на Општината Гази Баба, во КО Раштак. Планскиот опфат ја опфаќа дел од КП 1542, со намена А4.3 –викенд куќа Општина - Гази Баба, Скопје.<br>Површината на проектниот опфат зафаќа површина 708,86 m², односно 0,71 ha. |

| | |
|---|---|
| | |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предзвикал планскиот документ како што се:** | |
| Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, не бил предмет на планирање и уредување во минатото и како таков е опфатен со Просторниот план на Република Македонија, донесен на 11.06.2004год. од Собранието на Република Македонија.<br>Не се очекуваат потенцијални економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал овој проектен документ. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Предметниот локалитет се наоѓа на територијата на Општината Гази Баба, во КО Раштак. Планскиот опфат ја опфаќа дел од КП 1542. Површината на проектниот опфат изнесува 708,86 m², односно 0.71 ha.<br>Проектниот концепт е изработен согласно со заверена Проектна програма, Решение за одобрување на Проектна програма бр. 28-3/2510/5 од 24.09.2021 година, податоците и информациите добиени при анализите на предметниот проектен опфат, дадени во Документационата основа, а условени од мерките за заштита на животната средина и природата, заштита на културното наследство и заштитата и спасувањето. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На предметниот локалитет не е евидентирано културно наследство |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, не бил предмет на планирање и уредување во минатото и како таков е опфатен со Просторниот план на Република Македонија, донесен на 11.06.2004год. од Собранието на Република Македонија. Следствено, локацијата е покриена со Услови за планирање на |

| | |
|---|---|
| | просторот за изградба на објект со намена А4.3 – викенд куќа, КО Раштак, Општина Гази Баба, со технички бр. Y05521 од мај 2021 година, за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15 673/2021 од 14.05.2021 година. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Планскиот документ кој ќе се спроведува има законска рамка и со него се планираат условите за градба на објектите.

**Објаснете ја околината во близината на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Не се очекува предметните објекти за градење, да имаат негативно влијание врз околината доколку се спроведат сите мерки кои се предвидени во проектната документација.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови).**

Донесувањето на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 1542, КО Раштак со намена А4.3 – викенд куќа Општина Гази Баба, ќе има влијание но не значително а кои се огледаат во следните области од животната средина :

-воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање - се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот;

-бучава- и во фаза на реализација на планот, како и во фаза на експлоатација не се очекува зголемено ниво на бучава на предметниот локалитет, не се очекува негативно влијание врз животната средина;

-отпад- во фаза на реализација и експлоатација на содржините предвидени во рамките на урбаниот зафат се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад. Доколку со истиот се постапува согласно позитивните законски норми не се очекува значајни влијанија врз медиумите од животната средина (почва,подземни води, воздух итн.);

-флора и фауна - негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни. Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна,ендемични и загрозени видови,како и карактеристични живеалишта.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната средина е императив на овој проект. Со овој Урбанистички проект заштитата се однесува на:
заштита на воздухот;
заштита на водата;
заштита на почвата;
заштита на животната средина преку организирано прифаќање на комуналниот отпад;
заштита од бука.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерхијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот планскио документ и другите планските документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 1542, КО Раштак со намена А4.3 – викенд кука Општина Гази Баба, се изработува врз основа на одобрена Проектна програма од страна на Општина Гази Баба, Решение

| |
|---|
| за одобрување на Проектна програма бр. 28-3/2510/5 од 24.09.2021 година, а во согласност со Член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20) и истата оформена со содржина уредена во член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.225/20 и 219/21). Добиени се услови за планирање на просторот за изградба на објект со намена А4.3 – викенд куќа, КО Раштак, Општина Гази Баба, со технички бр. Y05521 од мај 2021 година, за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15 673/2021 од 14.05.2021 година. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br><br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Не се спроведува стратегиска оценка на планскиот документ. |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br>Бобан Стефковски |
| Датум:18.11.2021 година<br>Бр. 28-3/4226/2<br>Место: Скопје | м.п<br>РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СКОПЈЕ |




# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД КП 1542, КО РАШТАК СО НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌА, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ГП 1.01 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
П+2 ВИСИНА ВО КАТОВИ
Н=10,20m ВИСИНА ВО МЕТРИ

А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ

ПРИСТАПЕН ПАТ

1 ОБЈЕКТ А4.3
2 ПОМОШЕН ОБЈЕКТ
3 НАСТРЕШНИЦА
4 ВОДЕНА ПОВРШИНА
5 ПАРКИНГ

1:500 0 5 10 20 30 50m

| УП | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА | Кастарска парцела | ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА | ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА | МАКСИМАЛНА ВИСИНА (М) | КАТНОСТ | ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (М2) | УТВРДЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (М2) | МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (М2) | БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА | КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ | ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ | ПРОЦЕНТ НА ЗЕЛЕНИЛО |
| 1.01 | Дел од КП 1542 | А | А4.3 | 10.20 | П+2 | 708.86 m2 | 170 m2 | 510 m2 | 2 | 0.72 | 24% | 32% |
| ВКУПНО | | | | | | 708.86 m2 | 170 m2 | 510 m2 | 2 | 0.72 | 24% | 32% |

ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ
ТАЈФА-ПЛАН

ИЗРАБОТУВАЧ:
ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ "ТАЈФА-ПЛАН" ДОО-Скопје лиценца бр. 0018

НАРАЧАТЕЛ: ВЕСНА МАРКОВИЌ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД КП 1542, КО РАШТАК СО НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌА, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
НАТАША ВЛЧЕВСКА САВИЌ д.и.а.
ОВЛАСТУВАЊЕ: 0.0064

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
ГОРДАНА КАРАЃУЛЕ-РИСТЕСКА д.и.а.
ОВЛАСТУВАЊЕ: 0.0444

УПРАВИТЕЛ: НАТАША ВЛЧЕВСКА САВИЌ д.и.а.

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 003/01/21
ДАТА: ОКТОМВРИ 2021

РАЗМЕР: 1:500

ЦРТЕЖ БР. 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-017/2017
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**Одделение за урбанистичко планирање**
**Бр.28-3/4226/3 од 18.11.2021 година**
**СКОПЈЕ**

**До**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Сектор за оддржлив развој**
**Одделение за оддржлив развој**
**Скопје**

**Предмет:** Доставување на Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 1542, КО Раштак со намена А4.3 – викенд куќа, Општина Гази Баба, Скопје.

Почитувани,

Во согласност со член 65 ,точка 12 од Закониот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 65/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16), Ви ја доставуваме Одлуката за неспроведување постапка за Стратегиска оцена на животната средина за **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 1542, КО Раштак со намена А4.3 – викенд куќа, Општина Гази Баба,** Скопје и пропратната документација за проценка на потребата од спроведување СОЖС, врз основа на која е донесена горе споменатата Одлука.
Со почит,

Прилог:

1. Одлука,
2. Формулари за потреба од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена на животната средина,
3. Цели на Општината

Раководител на одделение

______________________
Стојка Долиќоска, диа

Раководител на сектор

-----------------------------------
Благица Блажевска диа

Градоначалник

-----------------------------------
Бобан Стефковски